Врз основа на член 22, став 4 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Сл.весник на РМ", број 10/97, 54/97, 13/2001 и 2/2002 година), Владата на Република Македонија, донесе:

# О Д Л У К А
## за утврдување на цената на одобрението за привремено приредување на игри на среќа

("Сл.весник на РМ", број 19/2002)

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува цената на одобрението за привремено приредување на игри на среќа.

### Член 2

За одобрението со кое се одобрува привремено приредување на игри на среќа на здруженија на граѓани од обласста на спортот и физичката култура и здруженија на хендикепирани лица се утврдуваат следните цени:

1. За привремено приредување на играта на среќа "Лотарија" 30.000 евра денарска противвредност ;
2. За привремено приредување на играта на среќа "Томбола" 30.000 евра денарска противвредност;
3. За привремено приредување на играта на среќа " ТВ Томбола" што се приредува преку телевизиски медиум 230.000 евра денарска противвредност.

### Член 3

Износот на цената од членот 2 на оваа одлука, Здружението на кое му е издадено одобрението (решението) за привремено приредување на игри на среќа е должно да го уплати и тоа:

- 50% на денот на издавањето на одобрението (решението)
- остатокот од 50% во еднакви месечни рати најдоцна до петтиот ден во месецот за секој месец додека трае одобрението (решението), во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

**Член 4**

Средствата се уплатуваат на жиро сметка бр.840-62207-надоместок за добивање на одобренија за привремено приредување игри на среќа и приходно конто број 718113.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-956/1
5 март 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија
Љубчо Георгиевски,с.р.